Резултатите од спроведеното истражување  Барометар за еднакви можности  - 2023 г. покажуваат широко распостранета дискриминацијата, според перцепцијата на јавноста. Според испитаниците, дискриминацијата врз основа на политичка припадност е најчеста и најраспространета (77%), додека дискриминацијата врз основа на етничка припадност е втора најраспространета (53%).  Дискриминацијата врз основа на попреченост е рангирана како трета (49%). Под 50% се и дискриминациите врз основа на возраст (42%), врз основа на религија и уверување (42%), и врз основа на пол (40%).




Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација во 2023 г. е на најниско ниво и изнесува 38%. Резултатите од спроведеното истражување Барометар за еднакви можности - 2023 г.  покажуваат широко распостранета дискриминацијата, според перцепцијата на јавноста. Според испитаниците, дискриминацијата врз основа на политичка припадност е најчеста и најраспространета (77%), додека дискриминацијата врз основа на етничка припадност е втора најраспространета (53%).  Дискриминацијата

врз основа на попреченост е рангирана како трета (49%). Под 50% се и дискриминациите врз основа на возраст (42%), врз основа на религија и уверување (42%), и врз основа на пол (40%). Дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација во 2023 г. е на најниско ниво и изнесува 38%.

Овие и другите наоди од истражувањето беа основа за дискусиите на Конференцијата „Барометар за еднакви можности 2023: од перцепции и искуства до предлози за подобри политики против дискриминација“ што се одржа на 4 декември 2023 година во Скопје. Воведни обраќања на настанот имаа Игор Јадровски, претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) амбасадорот Килиан Вал, шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и амбасадорот Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската Унија и Александар Кржаловски, директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).



Во 2023 г. речиси нема разлика во перцепцијата за етничка дискриминација меѓу етничките Македонци/ки (51%) и етничките Албанци/ки (52%). Сепак, споредувајќи ги со истражувањата од претходните години, перцепцијата за дискриминацијата врз основа на етничка припадност се намалила кај етничките Албанци/ки и муслиманите/ките, а се зголемила кај етничките Македонци/ки и христијаните/ките. Во последните пет години, перцепцијата за дискриминација врз основа на попреченост се зголемува и кај женската и кај машката популација, но позачестена е кај жените. Разликата меѓу најстарите (65+) и најмладите (15-24) во перцепцијата на дискриминација врз основа на возраст се зголемува низ годините, и сега изнесува 17 п.п.

„Податоците од Барометарот во однос на перцепцијата на граѓаните за најчестите основи на дискриминација, во најголем дел се во линија со статистиката на Комисијата", рече на денешната конференција Игор Јадровски, претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Според него, податоците на Комисијата исто така укажуваат дека „дискриминацијата  најчесто се случува во областа на работата и работните односи, пристапот до добра и услуги и во медиумите и јавното информирање".



Резултатите од истражувањето покажуваат дека секој трет испитаник бил дискриминиран врз најмалку една од основите кои се предмет на истражувањето (34%). Мнозинството, изјавиле дека не биле лично дискриминирани (65%). Во сите истражувања низ годините, политичката припадност е најчест вид на дискриминација. Во ситуациите кога испитаниците/чките се лично дискриминирани (2009 – 18%; 2013 – 13%; 2018 – 18%; 2023 – 11%) и кога се јавуваат како сведоци на дискриминација (2009 – 25%; 2013 – 18%; 2018 – 22%%; 2023 – 15%). Но во 2023 г. се забележува намалување и во ситуација на лична дискриминација и во ситуација како сведок на дискриминација од 7 п.п.

Резултатите покажуваат дека испитаниците кои се изјасниле дека биле дискриминирани во последните 12 месеци најчесто биле дискриминирани во јавниот простор (27%), потоа, додека барале работа или биле на работа (23%, 22%, соодветно). Секој петти испитаник/чка изјавил/а дека бил/а дискриминирана од здравствен персонал (21%). А, во 2023 г. гледаме благо намалување во поддршката на сите мерки и активности кои се насочени кон обезбедување еднакви можности при вработување. Најголем број од испитаниците/чките поддржуваат воведување на специфични мерки против дискриминација на работно место врз основа на попреченост (68%) и врз основа на возраст (66%).

**Табела бр. 41 ОЦЕНКА НА НАПОРИТЕ ЗА БОРБАТА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈА**

| ОПШТО ЗЕМЕНО, ДАЛИ БИ МОЖЕЛЕ ДА КАЖЕТЕ ДЕКА ВО НАШАТА ЗЕМЈА СЕ ВЛОЖУВААТ ДОВОЛНО НАПОРИ ЗА БОРБА ПРОТИВ СИТЕ ОБЛИЦИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА? | ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2009 | 2013 | 2018 | 2023 |
| СЕ ВЛОЖУВААТ | 46% | 34% | 36% | 24% |
| НЕ СЕ ВЛОЖУВААТ | 49% | 59% | 58% | 73% |

Веднаш по нив следуваат мерките против дискриминација врз основа пол (63%), па на етничка и религиска припадност (59%) и на основа на политичка припадност (51%). Поддршката за лицата според нивната сексуална ориентација е постојано најмала во однос на сите останати, и е во континуиран пад низ годините (од 40% во 2009 до 34% во 2023). Охрабрува наодот дека според професијата на испитаниците/чките кај директорите/ките и менаџерите/ките нивото на поддршка за воведување специфични мерки е зголемено во 2023 г., во однос на 2018 г.

Во последното истражување има големо намалување во поддршката на мерките за обезбедување еднакви можности за вработување на припадниците на помалку бројните заедници. И кај двете најголеми етнички заедници гледаме намалување на поддршката, за 13 п.п. кај етничките Албанци/ки (2018 – 78%; 2023 – 65%) и за 21 п.п. кај етничките Македонци/ки (2018 – 64%; 2023 – 43%).Мнозинство од 73% од испитаниците сметаат дека не се вложуваат доволно напори за борба против дискриминацијата, а има и уназадување во последните 5 години иако има нов Закон за спречување и заштита од дискриминација и Национална стратегија за справување со дискриминацијата. Поразувачки е податокот дека мнозинството на испитаници/чки не ги знаат своите права во случаите кога се жртви на дискриминација (2009 – 56%; 2018 –  52%; 2023 – 50%).


ОД ПЕРЦЕПЦИИ И ИСКУСТВА ДО ПРЕДЛОЗИ ЗА
ПОДОБРИ ПОЛИТИКИ ПРОТИВ
ДИСКРИМИНАЦИЈА
04 ДЕКЕМВРИ 2023
СКОПЈЕ
ОБСЕ